РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1413/1
02.11 2021 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 31 став 1 алинеа 4 а во врска со член 68 став 1 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр. 9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на Општина Дојран објавува,

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за финансирање на културните активности од Буџетот на Општина Дојран за 2022 година**

Право на учество имаат здруженија на граѓани и други правни лица од областа на културата кои делуваат на територијата на Општина Дојран.

Здруженијата на граѓани и другите правни лица кои учествуваат на овој повик потребно е :
- да придонесат за збогатување на културниот живот во општината;
- да придонесат за зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Дојран;
- да го поттикнат и афирмираат културното творештво на младите уметници;
- да се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри;
-да обезбедат континуитет на традиционалните културно уметнички манифестации кои се од локален карактер.

Потребна документација која здруженијата на граѓани и други правни лица од областа на културата треба да ја достават:

- Документација од извршена регистрација на субјектот (Копија);
- Годишна програма за работа за 2022 година;
- Извештај за потрошените средства добиени од Општина Дојран за 2021 година (до денот на поднесување на пријавата);

Рок и начин на доставување на пријавите
Крајниот рок за поднесување на пријавите е **15.11.2021 година (Понеделник) до 15 часот.**

Пријавата со целокупната документација треба да се достави во архивата на општина Дојран или преку пошта на адреса: Општина Дојран, ул.„кеј 5-ти Ноември“ бр.бб, 1486 Стар Дојран, **„за финансирање на активности од областа на културата за 2022 година“.**

Здруженијата, учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите по донесување на годишната Програма за финансирање на културните активности во општина Дојран за 2022 година.

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ДОЈРАН ОПШТИНА ДОЈРАН

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1412/1
02.11 2021 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 31 став 1 алинеа 4 а во врска со член 68 став 1 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр. 9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на Општина Дојран објавува,

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за финансирање на спортските активности од Буџетот на Општина Дојран за 2022 година**

Како субјекти кои можат да конкурираат се спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот кои делуваат на територијата на Општина Дојран.

Спортски здруженија и другите правни лица кои учествуваат на овој повик потребно е :
- да го поттикнуваат и унапредуваат соодветниот спорт;
- да го организираат и спроведуваат системот на натпревари;
- да се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри;
- да се грижат за унапредување на младите категории;

Потребна документација која спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот треба да ја достават:

-Документација од извршена регистрација на субјектот (Копија);
- Годишна програма за работа за 2022 година;
- Извештај за потрошените средства добиени од Општина Дојран за 2021 година (до денот на поднесување на пријавата).

Рок и начин на доставување на пријавите

Крајниот рок за поднесување на пријавите е **15.11.2021 година (Понеделник) до 15 часот.**

Пријавата со целокупната документација треба да се достави во архивата на општина Дојран или преку пошта на адреса: Општина Дојран, ул.„кеј 5-ти Ноември“ бр.бб, 1486 Стар Дојран, со назнака **„за финансирање на активности од областа на спортот за 2022 година“.**

Здруженијата, учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите по донесување на годишната Програма за финансирање на спортските активности во општина Дојран за 2022 година.

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов